ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

# ЗА 2017 ГОДИНА НА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2018 03 07

**Скопје, март 2019**

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 24 |
| Финансиски извештаи за 2017 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 25 |
| Биланс на состојба | 26 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 27 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 28 - 33 |
| - Сметководствени политики | 33 - 36 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 36 - 43 |

Прилози
Прилог 1 – Забелешки на Нацрт извештај
Прилог 2 – Одговор на Забелешки на Нацрт извештај

Кратенки користени во извештајот:

ДКП - Дипломатско конзуларни претставништва
РМ - Република Македонија
САД – Соединети американски држави
ЗЈН-Закон за јавни набавки

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:10-27/5

Дата: 11.03.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за надворешни работи (во натамошниот текст министерство) на сметката основен буџет (637) за 2017 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2017 година изразивме неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи, додека за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики, изразивме мислење со резерва.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите на Министерство за надворешни работи за 2011 година на сметката основен буџет и не изразивме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеноста на активностите во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење со резерва.
Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2015 година, извршена е ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија кај Министерството за надворешни работи и издаден е извештај за кои е изразен заклучок дека делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на субјектот.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2017 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби, од кои како позначајни ги истакнуваме следните состојби:
- најголем дел од дипломатско конзуларните претставништва функционираат без да биде поставен/именуван амбасадор односно генерален конзул,
- не е спроведена постапка за оценување на ефектите на административните службеници, амбасадорите и генералните конзули,
- не е воспоставена соодветна евиденција на земјиштето,

- не е извршено пресметување на амортизација и ревалоризација на дел од набавната вредност на градежните објекти,
- не е воспоставена евиденција на преземените обврски од страна на ДКП, поради што и не е извршено пријавување во единствената база на податоци во трезорот,
- несоодветно постапување при извршување на активностите на пописот на средствата и изворите на средствата и донесување на актите за прифаќање на истиот,
- недоследна примена на Законот за јавните набавки при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки во ДКП,
- средства во износ од 21.796 илјади денари се одобрени/планирани за една намена, а потрошени за други намени, без претходно обезбедена согласност за пренамена од Министерството за финансии и
- неискористените одобрени средства на крајот на годината од ДКП не се уплатени во Буџетот на РМ.

За утврдените неправилности дадени се препораки до раководното лице на министерството и одговорните лица во истото со цел преземање мерки за надминување на состојбите.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденивме за идни настани кои би имале влијание врз финансиските извештаи на министерството, а се однесуваат на судскиот спор што РМ го води во Република Италија.

Исто така, ги образложивме состојбите во врска со реализацијата на одредбите од Договорот за реконструкција на објектот на амбасадата на РМ во Вашингтон, како и состојбата на наменската eskrow сметка.

Во делот за останати прашања, истакнавме одредени системски слабости кои се однесуваат на потребата од преиспитување и доуредување на:

- законската и подзаконската регулатива во делот на утврдување на висината и начинот на пресметка на платата на посебните советници и
- интерниот акт во делот на начинот на утврдување на надоместокот за локално ангажираниот персонал, вклучувајќи ја и обврската за плаќање на придонесите и другите давачки кои ги наметнува земјата на прием.

Од страна на овластеното лице на министерството добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и утврдено е дека најголем дел претставуваат известување за констатираните состојби, додека една забелешка не се прифаќа, а една делумно се прифаќа.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 25 до 27 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за надворешни работи на сметката на основен буџет, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

Извршена е ревизија и е издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите на Министерство за надворешни работи за 2011 година на сметката основен буџет, при што не изразивме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеноста на активностите во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење со резерва.
Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2015 година, извршена е ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија кај Министерството за надворешни работи и издаден е извештај за кои е изразен заклучок дека делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на субјектот.

1.3. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- м-р Никола Поповски, министер од 28.07.2011 до 31.05.2017 година и
- м-р Никола Димитров, министер од 01.06.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.05.2018 до 15.10.2018 година кај Министерство за надворешни работи на сметката на основниот буџет за 2017 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2011 година број 10-314/5 од 29.03.2013 година, при што е констатирано дека од дадените шеснаесет препораки, седум се спроведени, пет се во фаза на спроведување, две се делумно спроведени и две не се спроведени. Исто така, извршена е ревизија на резултатите од спроведувањето на препораките на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 09-181/1 од 04.02.2016 година за Министерство за надворешни работи при што е констатирано дека од дадените шеснаесет препораки, девет се спроведени, две се во фаза на спроведување, една е делумно спроведена и четири не се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на ден 17.12.2018 година.

Од страна на овластеното лице на министерството добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-27/4 од 25.02.2019 година, истите се разгледани и утврдено е дека десет забелешки претставуваат известување за констатираните состојби во Нацрт извештајот, додека една забелешка не се прифаќа, а една делумно се прифаќа.
Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. За спроведување на надворешната политика на РМ од особено значење е постоење на дипломатско конзуларните претставништва раководени од функционер, имајќи во предвид дека претставништвата на РМ во други држави и во меѓународни организации се отворени за вршење на работи наведени во Виенската конвенција за дипломатски односи, Виенската конвенција за конзуларни односи и други меѓународни договори.

Со извршениот увид во актот за систематизација на работните места на министерството[1], констатиравме дека заклучно со ден 31.12.2017 година, од вкупно 57 ДКП, 21 функционираат без да биде поставен/именуван амбасадор односно генерален конзул, што претставува 37% од вкупниот број на предвидени работни места за тоа ниво, а овластувањата за извршување на работите во надлежност на амбасадорот/генералниот конзул со решение/овластување од директорот на организациони работи се делегирани на службеник по ранг упатен во претставништвото на пониско ниво.

Горенаведената состојба, ДКП да ги вршат работите без функционер и во услови кога надлежностите и контролите кои се предвидени да ги вршат на највисокото хиерархиско ниво се пренесени на пониско ниво, не се во согласност со одредбите од Законот за надворешни работи[2] и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[3] и може да влијае врз остварувањето на политичките цели и активности за односите на РМ со државите и со меѓународните органи, организации и заедници, со кои се остваруваат интересите на РМ во меѓународните односи, како и афирмација на РМ како активен чинител на меѓународната сцена.

Напоменуваме дека согласно податоците презентирани на ревизијата, до денот на вршење на ревизијата 43 ДКП (76%) функционираат без да биде поставен/именуван амбасадор.

**Препорака:**
Министерството за надворешни работи како орган кој организира и раководи со дипломатско конзуларните претставништва на РМ во соработка со Владата на РМ и Претседателот на РМ да иницира активности за поставување/именување на амбасадори во сите претставништва.

[1] Правилник за систематизација на работните места во Министерството за надворешни работи 01-27219/1 од 02.09.2016 година
[2] "Службен весник на Република Македонија"број 42/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15
[3] Службен весник на Република Македонија"број 90/09, 12/11, 82/13, 188/13, 192/15 и 147/17

4.1.2. Платата, додатоците на плата и надоместокот на материјалните трошоци на упатените на работа во дипломатско конзуларно претставништво согласно член 66-ѓ од Законот за надворешни работи се уредени со Уредба[4], донесена од Владата на РМ. Согласно одредбите на овој акт е утврдено дека .......”*параметри за утврдување на нето платата на вработените во претставништвото се основица по земји, коефициент за корекција на основица и коефициент за звање......основицата се искажува во странски валути....како коефициент за корекција на основиците се користат мултипликатори по земји објавени од страна на ООН, утврдени врз основа на индексите на малопродажните цени.....основиците со решение се утврдуваат еднаш годишно, при изготвувањето на предлог буџетот на министерството за наредната година....врз основа на расположливите средства во буџетот на министерството за оваа намена за тековната година, но не помалку од 3% годишно.....”.*

Со извршениот увид во начинот на утврдување, пресметка и исплата на основната плата на вработените во ДКП во странска валута за 2017 година, констатиравме дека основиците за плата на дипломатско конзуларните претставништва на РМ се утврдуваат во висината на основиците утврдени со Решение[5] донесено во 2014 година и се однесува за пресметка на платите за таа година. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од горенаведената уредба, односно со изготвувањето на предлог буџетот на министерството за 2017 година, раководното лице нема донесено решение со кое ќе се утврдат основиците за пресметка на платите за 2017 година.

Со примена на ревизорски техники извршивме анализа на податоците објавени од страна на ООН[6] при што утврдивме дека се забележува тренд на постојан пораст на индексите на малопродажните цени за животните трошоци кои секоја година надлежните органи на ООН ги објавува на својата web страна. Имајќи го во предвид наведеното, неопходно е донесување на решение за секоја година, со кое вредноста на коефициентот за утврдување на основиците ќе се определува односно усогласува врз основа на податоците на ООН.

Отсуството на примена на наведените податоци при пресметката на платата за 2017 година, влијае на висината на исплатените средства за плата.

Во текот на 2018 година министерот има донесено Решение[7], кое почнува да се применува со исплатата на платите за месец април 2018 година. Со

[4] Уредба за начинот и постапката за утврдување на плата, додатоци на плата и надоместоците на определени трошоци во дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија “Службен весник на Република Македонија”број 22/07, 59/09 и 89/12

[5] Решение за изменување и дополнување на Решението за утврдување на основици за плати, за дипломатско- конзуларното претставништва на Република Македонија во странство бр.04-36328/1 од 27.10.2014 година.

[6] Листата на индекси на малопродажните цени за животните трошоци

[7] Решение за утврдување на основиците за плати за дипломатско – конзуларните претставништва на Република Македонија за 2018 година број 04-8205/1 од 16.03.2018 година

извршената анализа и споредба на вредноста на утврдените основици, констатиравме дека со донесувањето на новото решение извршена е корекција на вредноста на основицата (намалување и зголемување кај одредени ДКП) која се движи од -17,71% до 16,74% во однос на основицата утврдена од 2014 година.

**Препорака:**
Раководното лице на министерството да преземе мерки и активности при изготвувањето на предлог буџетот за секоја наредна година, да носи решение за утврдување на основиците за плата на вработените во дипломатско конзуларните претставништва.

4.1.3. Начинот и постапката на оценувањето како задолжителна активност се уредени со одредбите од Законот за административни службеници кои се однесуваат за категоријата административни службеници вработени во министерството (дипломати и помошно стручни работници), додека за амбасадорите и генералните конзули се применуваат одредбите на Законот за надворешни работи и Методологијата за начинот на оценување, наградување и казнување на амбасадорите и генералните конзули на РМ донесена од Владата на РМ. Констатиравме дека во текот на 2017 година министерството нема спроведено постапка за оценување на ефектите на административните службеници, амбасадорите и генералните конзули.

Непочитувањето на одредбите од наведените законски решенија, предизвикува неможност од оценка на покажаните резултати на економската и политичката активност, како и раководењето со претставништвото од страна на амбасадорите/генералните конзули, додека за административните службеници неможност за оцена во однос на квалитетот, ефективноста и ефикасноста на работењето, почитувањето на роковите и нивото на исполнување на утврдените работни цели и задачи, нивото на вклученост и посветеност на работата, придонесот во реализацијата на стратешкиот план на институцијата, реализацијата на индивидуалниот план за стручно усовршување и однесувањето.
Поради специфичноста на работата на директоратите во министерството и природата на работењето на ДКП на РМ, раководното лице на министерството во 2016 година има доставено барање до Министерство за информатичко општество и администрација за изземање од системот за управување со ефектот (оценување) на вработените во министерството и ДКП на РМ во странство. Како одговор на ова барање добиено е известување од МИОА во кое е наведено дека Законот за административни службеници подеднакво важи за сите вработени административни службеници во кој е предвидено и оценување во други околности (отсутност од работа, мобилност, прераспределување, преземање и сл.).

Истакнуваме дека последното оценување на вработените е извршено со 30.06.2013 година согласно Законот за државни службеници.
Во 2018 година се започнати активности за оценување на ефектите на административните службеници (доставени се обрасци за оценување), но до денот на завршување на ревизијата, на ревизијата не е доставена верифицирана документација за потврдување на наведениот процес.

**Препорака:**
Раководното лице на министерството да продолжи со отпочнатите активности за спроведување на постапката за оценување на ефектите на административните службеници како дел од системот за управување со ефектот. Исто така, во најкус можен рок да се преземат мерки и активности за оценување на амбасадорите и генералните конзули.

## 4.2. **Финансиски извештаи**

4.2.1. На позицијата Материјални средства евидентирани се градежни објекти чија сегашна вредност на ден 31.12.2017 година изнесува 2.768.885 илјади денари, за кои министерството располага со документ за сопственост на истите. Со увид во целокупната документација (договори за купопродажба на градежни објекти и земјиште, имотни листови за градежни објекти и земјиште) ревизијата утврди дека во искажаната вредност на дел од градежните објекти пресметана е и вредноста на земјиштето на кое се изградени објектите на ДКП на РМ во странство кои се сопственост на РМ. За земјиштето со кое располага министерството (земјиште под деловниот објект каде министерството ја обавува својата дејност) не е воспоставена соодветна евиденција согласно член 3 од Правилникот за содржина на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници.
Со извршениот увид во начинот на утврдување на вредноста на градежните објекти ревизијата утврди дека е извршена ревалоризација и на земјиштето на начин и по коефициент што важат и се применуваат за материјалните средства, што не е во согласност со член 28 став 7 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 20 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, како и пресметана е и амортизација на земјиштето што не е во согласност со член 24 од истиот Правилник. Ваквата состојба влијание на објективноста и реалноста на искажаните билансни позиции на материјални средства и земјиштето со состојба на 31.12.2017 година.
Оваа состојба е истакната и во ревизорските извештаи за извршените ревизии за 2011 и 2015 година, но сеуште не е постапено по дадените препораки.

**Препорака:**
Одговорните лица за сметководствено финансиски работи да извршат соодветно сметководствено евидентирање на земјиштето, пресметување на ревалоризација на земјиштето согласно законските прописи, како и корекција на сметководствената вредност на градежните објекти.

4.2.2. Во финансискиот извештај Биланс на состојба со ден 31.12.2017 година, на сметката Градежни објекти евидентиран е износ од 119.861 илјада денари, кој се однесува на извршени инвестиции по склучен Договор за реконструкција на објектот на амбасадата на РМ во Вашингтон во 2004 година (образложено во точка 6.3. од извештајот). Со извршениот увид во воспоставената материјална и сметководствена евиденција, како и во расположливата документација, констатиравме дека за износот на наведената инвестиција извршено е зголемување на набавната вредност на постојниот градежен објект во 2005 година. Вака утврдената набавна вредност не претставува основица за пресметка на амортизација и ревалоризација, односно за износот на инвестицијата не се врши исправка на вредноста, иако објектот е ставен во употреба и се користи за потребите на амбасадата.
Наведената состојба не е во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално прикажување на соодветните сметки во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Одговорните лица за сметководствено финансиски работи да извршат соодветно сметководствено евидентирање, пресметување на амортизација и ревалоризација на градежниот објект согласно законските прописи, како и корекција на сметководствената вредност на градежните објекти.

4.2.3. Во деловните книги на министерството во рамките на сметката Материјални средства во подготовка на крајот на известувачкиот период искажана е состојба во износ од 6.599 илјади денари како пренесена почетна состојба од минати години (2008 година), која се однесува на започнатите инвестициони активности. Со извршената ревизија на расположливата документација утврдивме дека се евидентирани издатоци за услуги за изработка на проектна документација за изградба на административно резиденцијален комплекс за потребите на Амбасадата на РМ во Анкара во износ од 4.350 илјади денари. На ревизијата не и беше доставена поткрепувачка документација за потврдување на износот од 2.249 илјади денари, евидентиран како инвестиција во тек, поради неможност за обезбедување на дел од истата од причини што дел од субјектите се избришани од Централен регистар. Наведената состојба не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Истакнуваме дека од страна на Директоратот за организациони работи при министерството, до Министерство за финансии доставени се податоци за среднорочен период 2019 - 2021 година, во кои се опфатени иницијативи за градба на објект за ДКП во Анкара.

**Препорака:**
Одговорните лица во министерството да продолжат со отпочнатите активности за обезбедување на целосна и комплетна документација за евидентираната инвестиција, како и да се продолжи со отпочнатите активности за реализација на дадените иницијативи.

4.2.4. Со извршениот увид во сметководствената евиденција на преземените обврски, констатиравме дека министерството нема воспоставена евиденција на преземени обврски од страна на ДКП. Воспоставена е пракса фактурите да се искажуваат како расход во моментот на нивното плаќање, што не е во согласност со одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Министерството, преземените обврски од страна на ДКП, не ги пријавува во единствената база на податоци во трезорот, што не е во согласност со одредбите од Упатството за начинот на трезорското работење.

Поради невоспоставена целосна евиденција на преземените обврски на министерството, ревизијата не ја потврдува точноста на искажаните податоци за обврските на министерството во финансиските извештаи.

Истакнуваме дека нецелосното пријавување на обврските влијае врз утврдување на обемот на буџетските средства за секоја наредна година, со што може да се доведе во прашање реализацијата на активностите во наредна година кај ДКП.

**Препорака:**
Секторот за финансиски прашања да воспостави целосна евиденција на преземените обврски од страна на ДКП, која ќе овозможи целосни, навремени и ажурни информации за сите трансакции кои се однесуваат на ДКП и нивно навремено и редовно пријавување во Трезорската канцеларија.

4.2.5. Со извршената ревизија на преземените активности за вршење попис и Извештајот изготвен од Централната пописна комисија за извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на 31.12.2017 година, ревизија го констатира следното:

- од страна на пописните комисии изготвени се пописни листи, кои заедно со поединечните извештаи се доставени до централната пописна комисија, врз основа на кои е изготвен Збирниот извештај[8]. Најголем број од претставништвата доставиле пописни листи, дел од нив ненавремено

[8] Збирен извештај на Централната комисија за попис во Министерството за надворешни работи на Република Македонија за 2017 година, број 04-8848/1 од 22.03.2018 година

или несоодветно ги имаат доставено истите, дел од нив не се потпишани;

- пописните листи за основните средства не се целосно пополнети, количински и вредносно и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата, преку кое се констатираат евентуални кусоци или вишоци, што не е во согласност со член 29 и 33-а од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Во извештајот од комисијата за попис на основните средства во министерството и ДКП потврдено е дека не е извршено целосно усогласување на состојбите и наведени се причините поради што истото не е спроведено, односно: не кореспондираат инвентарните броеви на основните средства со нивните евиденциски броеви од материјалната евиденција, дел од мебелот воопшто не е означен со инвентарни броеви, не се доставени пописни листи од неколку претставништва, во пописните листи од некои претставништва не е внесен називот на основното средство или се искажани заедно со ситниот инвентар;
- не е извршен попис на градежните објекти со кои располага министерството. Потенцираме, дека во прилог на пописниот материјал се обезбедени имотните листови и договори за купопродажба како доказ за сопственост на евидентираните објекти во сметководствената евиденција на министерството;
- не е воспоставена сметководствена евиденција за набавката и трошењето на залихите на материјали. Се врши еднократен отпис на ситниот инвентар во моментот на набавката, а не со негово давање во употреба, поради што во сметководствена евиденција на крајот на годината не е искажана залиха за истиот. Потрошокот на материјали во текот на година изнесува 3.585 илјади денари. Иако, министерството има воспоставено материјални евиденции за залихите на материјали и ситен инвентар во вид на ексел табели, истите не обезбедуваат целосни, комплетни и хронолошки податоци за состојбата и движењето на залихите на канцелариските материјали и ситен инвентар, што не е во согласност со член 6 и 7 од Законот за буџетите и буџетските корисници;
- извршен е попис на хартии од вредност (виза стикери, патни листови за репатријација и патни листови за странци во министерството на РМ) врз основа на доставените пописни листи/податоци од ДКП и од Директоратот за конзуларни работи во министерството, во однос на доставени, искористени, неискористени и поништени хартии од вредност во ДКП, како и нивна залиха на 31.12.2017 година.

  Со извршениот увид во пописот констатирани се одредени отстапувања за бројот на задолжени хартии од вредност во 2017 година и пописните извештаи од ДКП при што е утврдено дека едно ДКП нема доставено пописен извештај, сите ДКП не се задолжени со виза стикери за 2017 година, кај некои ДКП има нераздолжени виза стикери од 2012 година па се до денес (Минхен, Берлин, Киев, Софија), кај одредени ДКП (Виена, Минхен, Њујорк, Атина, Берлин, Берн, Будимпешта, Љубљана, Њу Делхи,

Подгорица, Приштина, Варшава, Вашингтон, Токио) забележана е разлика во состојбата со патните листови. Од страна на пописната комисија дадени се предлози за намалување на констатираните недостатоци во однос на отстапувањата и разликите;

- извршен е попис на побарувањата во министерството и ДКП и тоа според аналитичките сметки на кои се евидентирани во сметководствената евиденција, утврдена е старосната структура, со податоци за преземени/непреземени мерки за нивна наплата и дадени се предлози за донесување на решенија за отпис заради застареност на истите согласно Законот за облигациони односи, во износ од 2.309 илјади денари. Најголемиот дел од побарувањата во министерството се однесуваат на: земени, а не раздолжени аванси за службен пат во земјата и странство, аванси за набавка на гориво за службените возила, набавка на материјали за работа со мала вредност и слично. Најголем дел од побарувањата во ДКП се однесуваат на дадени депозити за: амбасади, резиденции и станови на вработени, аванси во висина на едномесечна плата, аванси за набавки на стоки и услуги, како и побарувања по друг основ;
- пописот на неизмирените обврски е извршен само за обврските преземени спрема добавувачи во земјата и странство поврзани со работењето на министерството, но не и за претставништвата, поради не воспоставена евиденција на истите;
- не е извршен попис на инвестиции во тек и
- раководното лице нема донесено акт за начинот на постапување по предлозите дадени во Збирниот извештај од централната пописна комисија, извештајот од оваа комисија е изготвен и доставен до секторот за финансиски прашања во март 2018 година, односно после законскиот рок пропишан за доставување на годишната сметка до соодветните институции (08.02.2018 година), поради што истите не се спроведени во сметководствената евиденција. Наведеното не е во согласност со член 34 и 35 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Поради наведеното, ревизијата констатира дека при извршениот попис не се испочитувани во целост одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради што и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата и истото има влијание врз реално и објективно прикажување на одредени позиции во финансиските извештаи на министерството.

**Препорака:**

Одговорното лице на министерството да преземе мерки за целосно спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата во сите фази и тоа:

- целосно пополнување на пописните листи и нивно потпишување, како доказ за веродостојноста на искажаните податоци;
- усогласување на инвентарните и евиденциските броеви на основните средства и означување на сите средства со инвентарни броеви;
- воспоставување на финансиска сметководствена евиденција на залихите на материјали и соодветна материјална евиденција за залихите на материјали и ситен инвентар;
- воспоставување на евиденција за неизмирените обврски спрема добавувачите поврзани со работењето на ДКП;
- усогласување на сметководствената со фактичката состојба и
- разгледување на извештајот за извршениот попис од страна на одговорното лице, донесување на акт, кој заедно со Збирниот извештај од централната пописна комисија навремено ќе се достави до секторот за финансиски прашања.

### 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

4.3.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени за потребите на министерството во 2016 и 2017 година, врз основа на кои е преземени обврски во 2017 година извршивме ревизија на 15 постапки за јавна набавка, со што опфативме 82% од преземените обврски кои подлежат на Законот за јавните набавки, односно во вкупен износ од 20.712 илјади денари.

Исто така, извршивме увид во дел од досиеата за спроведените постапки за јавна набавка за потребите на ДКП во 2017 година, при што констатиравме состојби за кои и покрај дадените укажувања во претходните ревизии, сеуште не е постапено во целост за надминување на истите, а кои се однесуваат на:

- министерството во Годишниот план за јавни набавки за 2017 година не ги предвидело набавките што ќе ги спроведуваат ДКП на РМ за своите потреби и покрај тоа што секое ДКП има изготвено и доставено план за јавни набавки. Не предвидувањето на овие набавки во планот може да придонесе за нецелосно утврдување на средствата за финансирање на ДКП. Утврдената состојба не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки;
- по спроведувањето на постапките во ДКП не се склучуваат договори за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничка и финансиска понуда, што не е во согласност со член 165 од Законот за јавни набавки и точка 1 од Упатството[9] и
- министерството не го известило Бирото за јавни набавки за склучените договори за јавна набавка во ДКП, што не е во согласност со член 103 од Законот за јавни набавки. Поради невоспоставена евиденција ревизијата

[9] Упатство за појаснување на процедурата за спроведување на постапки за јавни набавки во ДКП-ата на Р. Македонија во странство број 05-4792/1 од 12.07.2012 година

не беше во можност да се увери во транспарентноста и интегритетот во процесот на доделување на договорите за јавна набавка.

Наведените состојби упатуваат на недоследна примена на Законот за јавните набавки и Упатството при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки во ДКП.

Ревизијата истакнува дека од април 2019 година ќе започне да се применува новиот Закон за јавните набавки[10] согласно кој за потребите за вршење на јавни набавки за ДКП во висина од 20.000 евра за стоки и услуги, односно 50.000 евра за работи нема да се применуваат одредбите од ЗЈН. За постапките за јавни набавки со проценета вредност над наведениот износ, ќе се применуваат одредбите од ЗЈН.

**Препорака:**

Одговорните лица да преземат мерки и активности за примена на законските одредби при вршење на јавни набавки за Дипломатско-конзуларните претставништва.

4.3.2. Финансиското и материјалното работење на ДКП е уредено со Правилник[11]. Паричните средства за потребите на ДКП се обезбедуваат во рамките на годишниот финансиски план на буџетот на министерството, кој е одобрен со Буџетот на РМ. Раководното лице на ДКП поднесува предлог финансиски план до министерството за обезбедување на средства за својата работа. Годишниот финансиски план на ДКП се утврдува во зависност од сложеноста и обемот на задачите, одредени со планот и програмата за работа, како и трошоците на вработените во земјата каде се наоѓа седиштето на ДКП. Одобрување на годишниот финансиски план на претставништвата се врши во рамките на обезбедените средства со буџетот на министерството. Во рамките на одобрениот годишен финансиски план на ДКП, министерството врши месечни дознаки врз основа на нивно барање/пресметка за потребните средства, доставено пред почетокот на тековниот месец.

Промена во намената на одобрените средства со годишниот финансиски план на ДКП не може да се врши без претходно одобрување од министерството. Заради увид и контрола во извршувањето на планот на приходите и расходите, ДКП се должни месечно да доставуваат во министерството свои финансиски извештаи за користење на одобрените средства за работа и за извршување на програмските задачи. Контрола на законитоста на поединечните акти за извршување на годишниот финансиски план на расходите и приходите на претставништвото вршат: раководното лице на претставништвото, комисијата која ја одредува раководното лице од редовите во ДКП и органите за контрола во министерството.

---

[10] Закон за јавните набавки "Службен весник на Република Македонија" број 24/19

[11] Правилник за материјално и финансиско работење на дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија број 01-10323/1 од 15.12.2008 година.

Со извршената анализа и споредба на податоците кои се однесуваат на одобрените средства со буџетот на министерството во однос на потрошените средства по ставки, утврдивме дека средства во износ од 21.796 илјади денари се одобрени/планирани за една намена, а потрошени за други намени, без претходно обезбедена согласност за пренамена од Министерството за финансии. Со извршениот увид во расположливата финансиска документација, како и информациите добиени од одговорните лица во Секторот за финансиски прашања утврдивме дека плаќањата се извршени за обврски на ДКП. Истакнуваме дека со спроведените детални тестирања констатиравме дека преземените обврски и извршени расходи надвор од обезбедените средства за одделна намена се засновани на веродостојна сметководствена документација со која се докажува обврската за плаќање за дадената намена. Од страна на одговорните лица за контрола во министерството добиени се информации дека ваквата состојба во голем дел се должи поради ненавремено доставување на месечните извештаи за реализација на расходите од страна на ДКП, недоволната кадровска екипираност, со што и се отежнува системот на контрола.
Наведеното не е во согласност со член 2 од Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2017 година и член 37-в од Законот за буџетите каде е наведено дека буџетските корисници утврдените средства со Буџетот треба да ги користат наменски и истите се одговорни за извршувањето на расходите во согласност со одобрените средства, што влијае врз транспарентноста на прикажаните расходи во финансиските извештаи, како и врз финансиското управување на министерството.

**Препорака:**
Раководното лице и одговорните лица на министерството како одговорни за извршување на расходите во согласност со одобрените средства да преземат мерки и активности за извршување на расходите за намената за која се одобрени, а во услови на потреба од прераспределба на средства во рамките на одобрениот буџет да се побара согласност од министерство за финансии.

4.3.3. Министерството во финансиските извештаи со состојба на ден 31.12.2017 година има искажано парични средства и вишок на приходи за пренос во наредната година и тоа во износ од 16.835 илјади денари. Со извршената ревизија утврдивме дека:

- салдото на буџетската сметка е "0" и истото е усогласено со салдото од последниот извод кое изнесува "0", салдото на денарската благајна "0" кое е усогласено со последниот благајнички извештај, како и салдото на девизната благајна е "0" и истото е усогласено со последниот извештај;
- салдото на девизната сметка и девизната благајна кои се отворени за потребите на ДКП изнесуваат 13.045 илјади денари, кои како неискористени буџетски средства на ден 31.12. не се вратени во Буџетот на РМ и

- салдото на конзуларната сметка и конзуларната благајна изнесува 3.790 илјада денари. Истите се остварени по основ на конзуларни приходи во ДКП кои заклучно со 31.12.2017 година не се уплатени во Буџетот на РМ, од причина што согласно член 29 од Законот за административните такси, наплатените конзуларни такси од таксените обврзници за тековниот месец се уплаќаат до петти во наредниот месец. Наплатените конзуларни такси од месец декември 2017 година, евидентирани се во финансиските извештаи како приходи на министерството, кои согласно наведениот закон се приход на Буџетот на Република Македонија.

Согласно одредбите од правилникот со кој се уредува финансиското и материјалното работење на ДКП е дефинирано дека одобрените и дозначените средства на ДКП можат да се користат до крајот на буџетската година, како и дека неискористените одобрени средства на крајот на годината ДКП се должни да ги уплатат во буџетот на РМ.

Наведената состојба не е во согласност со член 7 од Законот за буџетите согласно кој неискористените одобрени средства со буџетот престануваат да важат на 31 декември во тековната фискална година и со одредбите од правилникот, со што се создава ризик од ненаменско користење на истите.

**Препорака:**

Одговорните лица во министерството да преземат мерки и активности непотрошените буџетски средства од ДКП на крајот на годината да се враќаат во Буџетот на Република Македонија.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.1., 4.2. и 4.3. кои се основ за изразување мислење а се однесуваат на недоволна кадровска екипираност на раководни места во ДКП на ниво амбасадор/генерален конзул; начинот на утврдување, пресметка и исплата на основната плата на вработените во претставништвото во странска валута; неизвршено оценување на ефектите на административните службеници, амбасадорите и генералните конзули; невоспоставена соодветна евиденција на земјиштето; неизвршено пресметување на амортизација и ревалоризација на дел од набавната вредност на градежните објекти; невоспоставена евиденција на преземените обврски од страна на ДКП, несоодветно постапување при извршување на активностите на пописот на средствата и изворите на средствата и донесување на актите за прифаќање на истиот; недоследна примена на Законот за јавните набавки при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки во ДКП, извршени се расходи за други намени без претходно обезбедена согласност за одобрување од Министерството за финансии и не се уплатени во Буџетот на РМ неискористените одобрени средства на крајот на годината.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерство за надворешни работи на ден 31 декември 2017 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за надворешни работи во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Обрнуваме внимание дека во министерството се водат судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи. Од страна на Секторот за правни работи и безбедносни прашања изготвен е и доставен преглед на сите спорни побарувања, а кои се однесуваат на тоа дека:
- министерството се јавува како тужител во осум спорови за побарувања од вработени во министерството со вкупна вредност од 9.259 илјади денари и
- во тек се три судски спорови за работни односи со вработени во министерството (без определена вредност) министерството се јавува како тужена страна.

6.2. Со ревизијата беше опфатено финансиското работење на ДКП Генералниот конзулат во Венеција, Амбасадата на РМ во Рим и Амбасадата на РМ при Светата Столица во Ватикан. Со извршената ревизија на управувањето со паричните средства во странска валута трансферирани за потребите на ДКП за редовно работење, како и на средствата остварени од конзуларни приходи ги констатиравме следните состојби:
- редовната сметка на која се трансферираат девизни средства од министерството и кои се наменети за финансирање на тековните обврски на Генералниот конзулат на РМ во Венеција е отворена на лично име на шефот на ДКП/генерален конзул, односно истата не гласи на име на ДКП, додека редовната сметка на која се трансферираат девизни средства од министерството и кои се наменети за финансирање на тековните обврски

на Амбасадата на РМ во Рим се отворени и гласат на име на Амбасадата на РМ при Светата Столица во Ватикан и

- посебните сметки за конзуларното работење на Генералниот конзулат на РМ во Венеција и на Амбасадата на РМ во Рим, на кои исклучиво се врши уплата на надоместокот за извршени услуги од конзуларно работење, се отворени на име на Амбасадата на РМ при Светата столица во Ватикан, а не на име на ДКП, каде се остваруваат наведените приходи.
- Истакнуваме дека причина за неможноста за отворање на сопствени сметки за редовно и конзуларно работење на Генералниот конзулат на РМ во Венеција и на Амбасадата на РМ во Рим е судскиот спор што во Република Италија го води РМ, со поранешно лице ангажирано со договор за дело во Генералниот конзулат на РМ во Венеција.

Имено, врз основа на поднесена тужба во 2004 година, донесена е судска пресуда со која се обврзува министерството да исплати побарување од работен спор во висина од 98.533 евра. Поради неизмирување на обврските кон истото, активиран е налог за извршување на сметките на Генералниот конзулат на РМ во Венеција и на Амбасадата на РМ во Рим. До денот на вршење на ревизијата побарувањето заедно со пресметана камата и трошоците за наведениот судски спор на тужителот од министерството изнесуваат 246.316 евра.

Напоменуваме дека до денот на известување од извршената ревизија, судскиот спор сеуште е во тек. Имено, поради тоа што во Република Италија признавањето и извршувањето на судските одлуки се однесува единствено на земјите членки на ЕУ, а во спротивно само со постоење на билатерален договор за извршување на судски одлуки меѓу државите, кој не е склучен помеѓу РМ и Република Италија, тужителката до Основниот суд во Скопје има поднесено предлог за признавање на странска судска пресуда, кој е одбиен како неоснован, потоа обжален во Апелациониот суд, кој исто така ја има одбиено жалбата како неоснована. За наведениот спор е побарано мислење за понатамошно постапување и се запознаени/инволвирани и Министерството за правда и Државниот правобранител на РМ, се со цел добивање на решение и затворање на наведениот судски предмет.

Ревизијата истакнува дека РМ има во владение станбен објект во Република Италија, Рим, кој е наследен од имотот на поранешна СФРЈ и истиот не е запишан во Катастарот на Р. Италија, како сопственост на РМ. Причина за неизвршениот упис е погоре наведениот спор, од причина што со самото запишување на правото на сопственост во надлежниот орган, се јавува можност од присилно извршување на судската пресуда врз недвижниот имот, сопственост на РМ.

Ревизијата смета дека од особена важност за РМ е во најкус можен рок да се реши наведениот спор.

6.3. Министерството во 2004 година има склучено Договор за реконструкција на објектот на амбасадата на РМ во Вашингтон, согласно кој е предвидено градежните работи и комплетната документација во врска со ставање во употреба на истиот да се завршат со месец јули 2005 година. За вршење на плаќањата кои произлегуваат од договорот е отворена наменска eskrow сметка на која се дозначени финансиските средства од министерството. Вредноста на договорот за реконструкција на објектот изнесува 2.436.100 USD.

Со извршениот увид во расположливата документација, Конечниот извештај за извршена ревизија на регуларност на escrow сметката на Амбасадата на РМ во Вашингтон, на внатрешната ревизија на министерството, а имајќи ја во предвид законската регулатива на САД, ги констатиравме следните состојби:

- од страна на проектантот - изведувачот не се целосно извршени договорените обврските односно не е доставена конечна/завршна ситуација за завршните работи на реконструкцијата на објектот, не е изработен изведбен проект, не е презентиран записник од стручни лица од областа на градежништвото за степенот на завршени работи и не е извршено примопредавање на објектот;
- иако согласно договорот главното завршување на објектот било предвидено за 08.07.2005 година, од страна на изведувачот доставени се фактури во вкупен износ од 2.256.695 УСД за извршени работи заклучно со 31.11.2005 година (92,64% од предвидениот износ).
- последната исплата во износ од 81.753,93УСД не е реализирана поради незаинтересираноста на проектантот - изведувачот да го заврши објектот до 08.07.2005 година;
- исплатите од eskrow сметката се извршени со одредена динамика во девет транши по добивање на фактура од изведувачот со исклучок на исплатата на авансот во износ од 100.000 УСД која уплата е извршена на 18.06.2004 година пред отпочнување на реконструкцијата на објектот, за кој до денот на завршувањето на ревизијата од страна на изведувачот не е доставена авансна фактура;
- од страна на амбасадата, кога реконструкцијата на зградата била во завршна фаза во 2005/2006 година не се искористени правните механизми содржани во договорите по основ на незавршени, а договорени работи, односно не е постапено по одредбите на членот 12 точка 12.1.2. од склучениот договор согласно кој е уредено *”ако Проектантот - Изведувачот прави пропусти или занемарува да ги изврши работите во согласност со договорните документи Сопственикот може да даде писмено известување дека има намера да го прекине договорот доколку проектантот не ги отстрани грешките. Доколку Проектантот - Изведувачот по добиеното известување не ги отстрани грешките Сопственикот по седум дена може да даде второ известување и доколку Проектантот - Изведувачот не постапи и по тоа известување Сопственикот може да го извади ваквиот трошок од плаќање што му*

*стасува на Проектантот - Изведувачот или може да го прекине вработувањето на Проектантот – Изведувачот*";

- заклучно со 31.12.2017 година во деловните книги на министерството, за реконструкција на објектот на амбасадата во Вашингтон нема евидентирано неплатени обврски за изведувач, а салдото на наменската сметка изнесува 81.753,93 УСД;
- во текот на 2015 година била остварена средба со изведувачот, на која било утврдено дека изведувачот се согласува до крајот на месец август 2015 година да ги достави сите потребни документи, како и да ги отстрани посочените недостатоци при изведбата, а во однос на escrow сметката, изведувачот предложил од расположливиот износ на средства да бидат одбиени средствата кои амбасадата ги има потрошено на отстранување на дел од недостатоците, а остатокот да се префрли на сметката на изведувачот и
- во текот на 2017 година, изготвен е и доставен извештај од извршената инспекција на објектот на амбасадата во кој се наведени одреден број на недостатоци и неправилности.

Истакнуваме дека до денот на известување за извршената ревизија состојбата е непроменета, односно не се преземени мерки и активности за надминување на горенаведените состојби. Ревизијата смета дека за ефективно и успешно управување со државниот имот во странство, а имајќи ја во предвид вредносно значајната инвестиција која во однос на набавната вредност на објектот е двојно поголема, од особена важност е во најкус можен рок, министерството во соработка со надлежните органи (Влада на РМ, Амбасадата на РМ во Вашингтон) да преземат иницијатива и дејствија за завршување на сите неопходни активности во интерес на РМ.

6.4. Во текот на ревизијата од страна на министерството извршени се корекции кои предизвикуваат зголемување во активата и пасивата на финансискиот извештај Биланс на состојба за износ од 98 илјади денари, во налог за книжење број 01-55 од 29.07.2016 година, со кој е извршено намалување на исправката на вредност, поради несоодветно пресметување на истата за книги во библиотека.

## 7. Останати прашања

7.1. Со одредбите на член 22 и 23 од Законот за вработените во јавниот сектор[12] се уредени начинот и постапката на ангажирање на посебните советници, согласно кое раководното лице на институцијата во јавниот сектор може да пополни работно место преку склучување на договор за вработување на определено работно време заради пополнување на посебни работни места во кабинетите на претседателот на РМ, претседателот на Собранието на РМ,

12 "Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14, 27/16 и 25/18

потпретседателите на Собранието на РМ, претседателот на Владата на РМ, замениците на претседателот на Владата на РМ, министрите и генералниот секретар на Владата на РМ, заради извршување на работни задачи на посебни советници. Исто така, утврден е и бројот на посебни советници по одделни институции, како и постапката на вработување по пат на јавен оглас, согласно со општите прописи за работни односи. Вработувањето на посебните советници трае до истекот на мандатот на функционерот во чиј кабинет се вработени.

Министерството во текот на 2017 година има склучено договор со едно лице, иако согласно законското решение утврдено е дека бројот на посебни советници во министерството не може да биде поголем од три работни места.

Со извршената анализа во постапката на ангажирање на посебниот советник, како и увид во расположливата документација, Барањето согласност за финансиски средства од Министерство за финансии и Известување за одобрени средства, утврдивме дека во Законот за вработените во јавниот сектор не е пропишан начинот на вреднување на ангажманот односно услугата кој се исплатува на посебниот советник.

Во насока на надминување на постојните недоречености односно слабости и тоа во делот на обезбедување на нормативно уредување на начинот на утврдување на платата и други надоместоци, потребно е Владата на РМ во соработка со надлежните институции да преземе иницијатива за понатамошно изменување и дополнување на постојното законско решение односно Законот за вработените во јавниот сектор.

7.2. Во текот на 2017 година, министерството за потребите на ДКП има ангажирано локален персонал, за кои се исплатени средства во вкупен износ од 82.010 илјади денари. Со одредбите на член 69 од Законот за надворешни работи е уредено дека шефот на дипломатско конзуларното претставништво, за вршење на одредени работи може, по претходна согласност од министерството, да ангажира локален персонал. Понатаму, начинот за ангажирање на лицата потребно е да се уреди со акт кој го носи министерот.

Со извршената анализа на одредбите од донесениот Правилник за финансиско и материјално работење на дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, утврдивме дека со одредбите на истиот не е опфатен начинот на вреднување на ангажманот односно не е уредено дали надоместокот се однесува на нето или бруто износ. Воспоставена е пракса локалниот персонал во ДКП да се ангажира врз основа на договор за вршење на услуги од административен, технички и помошен карактер, како и давање логистичка поддршка, со цел ефикасно исполнување на активностите на претставништвата. Договорите во зависност од дадената потреба за вршење на услуги од различен карактер (возач, технички секретар, хигиеничар) се склучуваат за одреден временски период и со наведена висина на месечен надоместок.

Со извршената анализа во одредбите на склучените договори и исплатените средства, а имајќи го во предвид отсуството на нормативно уредување на износот на надоместокот (бруто, нето) како и начинот на исплата (во готово или на сметка), констатиравме:

- во најголем број ДКП (41) исплатите се вршат во нето износ и во готово преку девизната благајна, за што во текот на 2017 година ваквите исплати изнесуваат 57.683 илјади денари, што претставува 70,34% од вкупно исплатените средства за оваа намена,
- во мал број ДКП (4) Берлин, Букурешт, Атина и Солун, согласно склучените договори се плаќа и осигурување на ангажираните лица, согласно легислативата на државите на приемот, додека во останатите ДКП за локалниот персонал не се плаќаат придонеси.

Имајќи го во предвид позитивното законодавство на државата на приемот кое задолжително наметнува обврски во однос на регулирањето на нивниот работен статус во земјата на приемот, вклучувајќи ги покрај задолжителната исплата на минимално утврдената плата и придонесите и разните платени отсуства, ревизијата смета дека ваквиот начин на исплата на надоместокот за извршените работи на локалниот персонал, создава ризик министерството во иднина да се соочи со одредени неповолни состојби во однос на можноста од покренување на правни дејствија како од страна на локалниот персонал така и од надлежните институции на земјата прием, со што би се создале дополнителни финансиски трошоци кои би биле на товар на буџетот на министерството и буџетот на РМ.

Во текот на 2015 година, Секторот за човечки ресурси се има обратено до Кабинетот на министерот со укажување за потребата од регулирање на правниот статус на локално ангажираните лица, како и со податоци за финансиските импликации врз буџетот на министерството, кои согласно извршената анализа е утврдено дека на веќе утврдените нето износи, износот за плаќање на придонесите и другите давачки би се зголемил за околу 50%.

До денот на известување од извршената ревизија, не е постапено по даденото укажување.

Во насока на надминување на горенаведената состојба, потребно е да се преземат мерки и активности за дополнување и доуредување на донесениот акт и тоа во делот на начинот на утврдување на надоместокот вклучувајќи ја и обврската за плаќање на придонесите и другите давачки кои ги наметнува земјата на прием. Имајќи во предвид дека за реализација на наведеното потребни се дополнителни финансиски средства, неопходно е министерството во соработка со Министерство за финансии да преземе иницијатива за обезбедување на истите.

**Министерство за надворешни работи - Сметка на Основен Буџет (637)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2017 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2017** | **2016** |
| | | | |
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 11.603 | 9.253 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 1.132.434 | 1.204.573 |
| **Вкупно приходи** | | **1.144.037** | **1.213.826** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.3.1. | 478.439 | 474.143 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.3.2. | 5.995 | 1.217 |
| Стоки и услуги | 3.3.3. | 637.509 | 691.296 |
| Субвенции и трансфери | 3.3.4. | 274 | 222 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.122.217** | **1.166.878** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.5. | 4.985 | 22.996 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **4.985** | **22.996** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **1.127.202** | **1.189.874** |
| | | | |
| **Остварен вишок на приходи** | | **16.835** | **23.952** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2017 | 2016 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 16.835 | 23.952 |
| Побарувања | 4.1.2. | 7.429 | 9.685 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 24.025 | 27.018 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.4. | 443 | 502 |
| Побарувања од вработените | 4.1.5. | 2.567 | 2.869 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.6. | 483 | 382 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.7. | 53.723 | 88.122 |
| **Вкупно тековни средства** | | **105.505** | **152.530** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 5.917 | 5.803 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 174.375 | 174.375 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 2.865.554 | 2.868.713 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.1. | 6.599 | 6.599 |
| **Вкупно постојани средства** | | **3.052.445** | **3.055.490** |
| **Вкупна актива** | | **3.157.950** | **3.208.020** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 17.880 | 51.036 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 25 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 35.818 | 37.085 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 51.782 | 64.409 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **105.505** | **152.530** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 3.015.726 | 3.055.490 |
| Ревалоризациона резерва | 4.4.2. | 36.719 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **3.052.445** | **3.055.490** |
| **Вкупна пасива** | | **3.157.950** | **3.208.020** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2017 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Ревалоризациона резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **Состојба 01.01.2017 година** | **3.055.490** | - | | **3.055.490** |
| | | | | - |
| **Зголемување по основ на:** | **4.982** | 53 | 41.022 | **46.057** |
| Набавки | 4.982 | 53 | - | **5.035** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | | - |
| Ревалоризација | - | - | 41.024 | **41.024** |
| Извршени корекции во текот на ревизијата | - | - | (2) | **(2)** |
| **Намалување по основ на:** | **44.296** | 53 | 4.757 | **49.106** |
| Расходување | 13 | - | | **13** |
| Потрошок | - | 53 | - | **53** |
| Ревалоризација на амортизација | | - | 4.759 | **4.759** |
| Амортизација | 44.381 | - | | **44.381** |
| Извршени корекции во текот на ревизијата | (98) | - | (2) | **(100)** |
| **Состојба 31.12.2017 година** | **3.016.176** | - | **36.265** | **3.052.445** |

Република Северна Македонија
**Министерство за надворешни работи**
**Директорат за организациони работи**

[redacted]

Арх. Бр. 04-905/2
Скопје, 21.02.2019 год.

25.02.2019
10-27/4

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Скопје

**Предмет:** Одговор по Нацрт извештај за 2017 година

**Врска:** Ваш допис бр.10-27/3 од 10.01. 2019

Резиме:

Во врска со констатираните состојби и препораките кои се дадени со Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и усогласеноста за 2017 година, на сметката на основниот буџет на Министерството за надворешни работи (во понатамошниот текст: МНР), известуваме дека:

1. Некои од дадените препораки се спроведени, и
2. Очекуваме од Ревизијата да ги прифати детално аргументираните одговори во однос на констатираните состојби и дадени препораки во: т.4.2.4; т.4.2.5; т. 4.3.2 и т. 4.3.3, затоа што:

а. Препораките во овие точки се однесуваат на трезорското работење и годишниот попис, чија примена е регулирана со: Законот за буџетите, Упатството за трезорско работење, Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници во РМ, со кои **не** се регулирани специфичностите во работењето на ДКП-та,

б. Истите препораки биле дадени со ревизијата во претходните години. МНР постапило по нив и доставило до Министерството за финансии барање за измена на претходно наведените законски одредби, кое одговорило дека истите **не** се прифаќаат,

в. Од претходно наведените причини, законските одредби кои го регулираат овој дел од работењето се допрецизирани со интерни акти, инструкции и дополнителни алатки од МНР, во согласност со специфичностите во работењето на ДКП-та.

[redacted]

Во продолжение доставуваме одговор по констатираните состојби и дадените препораки:

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

<u>Точка 4.1.1. (стр.6) и препорака на стр.7:</u>

Во врска со констатираната состојба и дадената препорака, од особено значење е да се има предвид следното:

- станува збор за сложен процес со изразено политичко влијание кое ги надминува надлежностите на МНР и истиот е предусловен од изборот на поголем број кандидати, Претседателот и Владата на РСМ, вклучително и висината на одобрениот буџет на МНР што го определува Министерството за финансии,
- МНР иницираше активности за поставување/ именување на Амбасадори во сите ДКП-а и како резултат на тоа, кон крајот на 2018 и почетокот на 2019 година, започна упатување на мандат во одреден број Шефови во Дипломатско-конзуларните претставништва на РМ во странство (во понатамошниот текст: ДКП-а) и согласно очекуваната динамика, до крајот на оваа година ќе бидат именувани и упатени на мандат најголем број Шефови во ДКП-та.

<u>Точка 4.1.2. (стр.7) и препорака на стр.8:</u>

Во текот на ревизијата беа објаснети причините поради кои не било донесено решение за основиците за пресметка на плата во 2017 година.
За 2018 и 2019 година, надлежните служби во МНР утврдија нови основици за плата во ДКП-та во согласност со индексите на малопродажните цени објавени од ООН и истите се донесени со Решенија од одговорното лице.

<u>Точка 4.1.3. (стр.8) и препорака на стр.9:</u>

Согласно Законот за административни службеници, процесот на оценувањето се спроведува во текот и за календарската година, кој започнува во месец декември претходната година.

Министерството за надворешни работи, започна со спроведување на системот за управување со ефектот (оценување) на вработените во 2018 година и овој процес завршува со доставување на оценките до Министерството за информатичко општество.

Процесот на управување со ефектот, односно оценувањето во ДКП-та на Република Македонија не е спроведен поради фактот што за работните места во ДКП-та

нема опис и попис на работните места и нивните активности, како и поради фактот што голем дел од ДКП-та не биле соодветно пополнети, односно во најголемиот дел биле пополнети со само еден дипломат.

Оценувањето на амбасадорите и генералните конзули се врши согласно Законот за надворешни работи, во кој се наведени и обврските за амбасадорите и генералните конзули, а се однесува на политички, економски активности како и постапување по инструкциите од МНР и Владата на Северна Македонија.

Во врска со регулирањето на статусот, односно на плаќањето на придонеси за локално ангажираните лица, Министерството, во буџетот за 2019 година има предвидено средства за плаќање на придонеси и други давачки во земјите на приемот.

Согласно спроведената анализа и предвидената динамика во рамките на одобрените буџетски средства, Министерството ќе почне со исплата на придонеси за локално ангажираните лица до ДКП-та, при тоа имајќи во предвид дека во сите земји членки на ЕУ, задолжително е плаќањето на придонесите, а локално ангажираните лица воедно имаат и обврска за плаќање даноци.

<u>Точка 4.2.1 (стр.9) и препорака на стр.10:</u>

Во оваа точка не е наведено во кои ДКП-а вредноста на објектите во сопственост на РМ е искажана заедно со вредноста на земјиштето и истите не се одделно евидентирани.

Истата препорака беше дадена со ревизијата од 2013 година, која се однесуваше на <u>објектот и земјиштето во ДКП-Берлин</u>, во таа прилика беа корегирани и одделно искажани уште во текот на ревизијата.

Доколку оваа препорака се однесува на:

- ДКП <u>Вашингтон</u>, укажуваме дека согласно договорот за купување на објектот и земјиштето, нивната вредност била утврдена како вкупен износ, без да биде одделно искажана нивната вредност,
- земјиштето во <u>Анкара</u> било добиено без вредност, врз основа на реципроцитет помеѓу Република Турција и Република Македонија, а
- вредноста на земјиштето под деловниот објект на МНР не е евидентирана затоа што од надлежната институција за неговата изградба (Службата за општи и заеднички работи),

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

освен податоци за вредноста на објектот врз основа на кои истиот е соодветно сметководствено евидентиран и катастарски заведен, не добивме податоци за вредноста на земјиштето под објектот.

МНР ќе ја разгледа можноста:

- за утврдување вредноста на земјиштата во горенаведените ДКП-а, со ангажирање проценител во согласност со законските прописи, при тоа имајќи ја предвид и висината на финансиските импликации во рамките на расположививот буџет на МНР, а
- за вредноста на земјиштето под деловниот објект на МНР, министерството ќе направи дополнителни напори да обезбеди податок за неговата вредност од надлежната институција, како основ за негово евидентирање во сметководствената евиденција.

Имајќи предвид дека и ДЗР доби на користење нов објект, ќе ни помогне доколку ни укажете како го регулиравте истото во оваа институција.

Точка 4.2.2 (стр.10) и препорака на стр.10:

Како што е наведено во оваа точка поврзано со точка 6.3., рекунструкцијата на објектот во Вашингтон започнала во 2004 година и до крајот на 2005 година изведувачот доставил фактури за најголем дел од извршените работи во висина од 2.256.695 Усд што претставува 92,64% од предвидениот износ, а за остатокот од работите во висина од 81.753,93 Усд не биле довршени поради незаинтерсираност на изведувачот.

За плаќање на договорените работи, наменски била отворена посебна **Eskrow сметка**, на која останале депонирани уште 81.753,93 Усд за довршување на работите, кои МНР- ДКП Вашингтон до донес не може да ги повлече поради настанати спорните моменти со изведувачот на работите кој не ги довршил работите.

Од почетокот на реконструкцијата, трошоците за завршените работи сметководствено биле соодветно евидентирани како инвестиции во тек, очекувајќи дека навремено ќе биде доставена конечна ситуација, а после тоа целокупната вредност на инвестициите во тек да биде пренесена на вредноста на објектот.

Меѓутоа, од тогаш наваму, повеќе годишните напори од страна на повеќе одговорни лица и вработени во МНР, повеќе Шефови и дипломати во ова ДКП, не дадоа конечна разврска

на спорот за довршување на работите од страна на изведувачот.

Имајќи го предвид долгогодишниот спор за довршување на работите, неизвесноста за негово продолжување и фактот дека најголем дел од нив биле завршени, во 2009 година вредноста на инвестициите во тек за завршените работи на објектот, биле пренесени на вредноста на објектот, на кој согласно законските прописи се врши амортизација и ревалоризација.

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

Точка 4.2.3 (стр.11) и препорака на стр.11:

Врз основа на документацијата за изградба на резиденцијален објект за ДКП- Анкара, во 2008 година била евидентирана инвестицијата во тек, која повеќе пати била предмет на Државна ревизија, Внатрешната ревизија и надлежните служби во МНР и истата им била доставувана на увид, нејзино фотокопирање за нивни потреби и сл., без можност во секоја прилика да биде дадена на реверс и сигурност дека истата била повторно вратена.

Надлежните служби во МНР направија дополнителни напори да ги обезбедат потребните документи и фактури од добавувачите на услугите, за дел од извршените работи обезбедија фактури од Машински факултет, меѓутоа за остатокот од вредоста на извршените работи не успеаја да ги обезбедат истите, затоа што правните лица даватели на услугите повеќе не постоеле во Централниот регистар.

Точка 4.2.4 (стр.11) и препорака на стр.12:

Во врска со констатацијата дека МНР нема воспоставено евиденција на преземените обврски од ДКП-та и препораката до Секторот за финансиски прашања да воспостави целосна евиденција на преземените обврски од страна на ДКП-та преку Трезорската канцеларија, укажуваме дека:

Истата препорака беше дадена со ревизијата од 2013 година, која се однесуваше на работењето во 2011 година.

Постапувањето по оваа препорака и препораките од т.4.3.2 и т.4.3.3 од овој Нацрт извештај, е условено со измени во Законот за буџетите и Упатството за трезорско работење, за кои МНР во претходните години написмено се обрати до Министерството за финансии (Сектор за Буџети и Сектор за Трезор), со детално образложение за специфичностите кои

[redacted]

произлегуваат од работењето на ДКП-та и побара нивни измени.

Одговорот од страна на МФ беше дека **<u>не се прифаќаат</u>** <u>бараните измени.</u>

Фотокопие од дописот на МНР и одговорот од МФ беа доставени до ревизијата во претходните години и во текот на оваа ревизија.

Во оваа прилика, уште еднаш даваме детално образложение за причините поради кои Секторот за финансиски прашања (во понатамошниот текст: <u>СФП)</u> **<u>не може</u>** <u>да воспостави целосна евиденција на преземените обврски од ДКП-та и нивно пријавување во Трезорската канцеларија, затоа што</u>:

1. Трезорскиот систем не дозволува СФП во име на ДКП-та да ги пријавува и плаќа преземени обврски од нивна страна, без исполнување на сите пропишани одредби од Упатството за трезорско работење, од кои наведуваме само неколку од нив:
   - сите ДКП-а би требало да бидат регистрирани во Регистарот што го води Трезор, исто како за буџетските корисници во РМ,
   - да имаат посебни трезорски сметки, а не банкарски сметки отворени во <u>деловни банки</u> на ДКП-та во земјите на престој,
   - да изготвуваат и доставуваат на одобрување до трезор, Годишни, квартални и месечни финансиски планови,
   - <u>да ги евидентираат и пријавуваат во трезор преземените обврски</u>,
   - да изготвува и доставува до трезор, налози за плаќање на преземените обврски и истите сметководствено да ги евидентираат,
   - да ги извршуваат сите други техничко- оперативни работи регулирани со Упатството за трезорско работење,

2. Вклучувањето на ДКП-та во трезорскиот систем на работење **не е возможно** затоа што евентуална измена на горенаведените законски одредби, би значело дека секое ДКП <u>самостојно</u> ќе треба да ги евидентира, најавува и плаќа не само преземените и платените обврски, туку и сите други работи кои го регулираат буџетското и трезорското работење.

   За такво нешто, би биле потребни не само измени на законските одредби кои МФ не ги прифаќа, туку и дополнителни човечки ресурски во секое ДКП со соодветно познавање на сметководственото и трезорското работење, материјални и финансиски ресурси за зголемени трошоци по основ на: плати, закупнини, здравство, школарина и т.н., кои

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

би биле неспоредливо поголеми во однос на очекуваниот ефект од тоа.

3. Доколку со дадената препорака се бара од СФП да врши само сметководствена евиденција на преземените и платените обврски од ДКП-та, без да поминат истите преку трезорот, истото **не е возможно**, затоа што:
- Сите ДКП-а ќе треба секојдневно да доставуваат во МНР фактури и договори, врз основа на кои СФП ќе ги евидентира преземените обврски, а после тоа истите треба да ги враќа назад до секое ДКП,
- Ќе се зголемат ризиците од ненавремено добивање, враќање или губење на документите во двата праци помеѓу ДКП и МНР, а значително ќе се зголемат и трошоците за пошта во двата правци,
- СФП ќе се соочи со обемна документација, која ќе биде на многу различни јазици (на пример: кинески, јапонски, арапски, турски, шпански, норвешки и многу други јазици), врз основа на кои треба да бидат евидентирани преземените и платените обврски,
- Ќе се зголемат ризиците од сметководствени грешки при отворањето шифри по комитенти на различни јазици, кои треба да содржат: назив, седиште, даночен број, деловна банка и жиро сметка, проследено со ризици од грешки на картиците за обврските по комитенти,
- СФП ќе има потреба од значително поголем број вработени за сметководствена евиденција и усогласување на преземените и платените обврски од страна на ДКП-та.

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

Напомена:
- Претходно наведеното ја доведува во прашање оправданоста на дадената препорака, затоа што истата ќе значи отворање на еден сложен процес, проследен со многу ризици во работењето поради: ненавремено доставување на документација од ДКП-та, сметководствени грешки по комитенти, курсни разлики, потреба за нивно често усогласување и дополнителни човечки ресурси во СФП, материјални и финансиски ресурси,
- Независно од тоа што нема согласност од МФ за измена на Законот за буџетите и Упатството за трезорско работење, СФП настојува истите максимално да ги примени на соодветен начин кој е прилагоден на специфичностите во работењето на ДКП-та, со свои интерни акти, инструкции и воспоставени

[redacted]

процеси за регуларно и наменско трошење на финансиските средства во нивното работење.

Во таа смисла укажуваме дека, Годишните финансиски планови на ДКП-та претставуваат максимални износи над кои не може да преземаат обврски и плаќаат трошоци, а долгогодишното работење и годишните пописи покажуваат дека немаат неплатени обврски од претходните години, кои би ги довеле во ситуација обврските од претходната година да ги плаќаат од средствата одобрени за тековната година.

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

<u>Точка 4.2.5 (стр.12) и препорака на стр.14:</u>

Во оваа точка е констатирано дека со Годишниот попис за 2017 година не се целосно испочитувани одредбите од Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, затоа што поедини ДКП-а:

- не доставиле пописни листи или истите ги доставиле непотпишани,
- пописните листи за основни средства не биле целосно пополнети и не е извршено целосно усогласување,
- не е извршен попис на градежните објекти во сопственост на РМ и инвестициите во тек,
- не е воспоставена материјална евиденција за: набавка, потрошок и залихи на канцелариски материјал и ситен инвентар, и
- не е извршен попис на обврските во ДКП.

1. Во врска со претходно наведеното, укажуваме дека постојните законски одредби во врска со начинот и роковите за извршување на годишниот попис, не ги земаат предвид спецификностите во работењето на ДКП-та.
2. Со цел да се намалат присутните ризици и слабости при извршување на пописот, истиот е детално регулиран со: Правилник за попис во МНР и ДКП, со посебни инструкции и дополнителни алатки до секоја Комисија за попис и секое ДКП, во однос на начинот на: извршување физички попис, пополнување на пописните листи, роковите за нивно доставување до Комисиите за попис во МНР, усогласување на материјалната со фактичката состојба и т.н.,

a. За извршување на целокупниот годишен попис во МНР и ДКП се формираат: Централна комисија за попис и 7 Комисии за попис на: жиро сметки и благајни, побарувања, обврски, основни средства, канцелариски материјал, ситен инвентар и хартии од вредност,

[redacted]

- Комисиите за попис го вршат целокупниот попис и усогласување на евентуалните разлики во МНР, а од ДКП-та добиваат пописни листи на кои тие извршиле физички попис на своите: жиро сметки и благајни, побарувања, обврски, основни средства, ситен инвентар и хартии од вредност, а после тоа ја усогласуваат нивната материјална состојба со фактичката состојба од пописните листи, и
- Изготвуваат записници за целокупниот попис во МНР и ДКП-та.

б. Поради физичката оддалеченост, постои можност ДКП-та ненавремено да достават пописни листи, да достават неуредно пополнети или непотпишани пописни листи до Комисиите за попис,

в. Комисиите за попис, не може да добијат конечна сметководствена состојба со 31.12. во законски предвидените рокови, туку со задоцнување, затоа што:

- ДКП-та доставуваат месечни финансиски извештаи во СФП со прилог: банкарски изводи за салдо парични средства на нивните жиро сметки и благајни и фактури за платените обврски, кон средината на месецот, за претходниот месец, а тоа значи дека за месец Декември ги добиваат во средината на Јануари, а многу често и после тоа, кои сметководствено може да бидат обработени до крајот на Јануари или почетокот на месец Февруари,
- Финансиско- материјалната евиденција на основните средства за ДКП-та се води во МНР, а нивното инвентарисување го вршат ДКП-та со налепници доставени од МНР.

  При тоа, не е исклучена можноста едно основно средство во материјалната евиденција да биде означено со одреден број, а вработените во ДКП налепницата со истиот број да ја залепат на друго основно средство,

3. Како резултат на претходно наведеното, Комисиите за попис се доведени во незавидна состојба да го завршат целокупниот попис во МНР и ДКП-та, во истите законски пропишани рокови како буџетските корисници во РМ,

4. Најсоодветно решение би било кога секое ДКП самостојно би можело:

- да ја води својата материјално- финансика евиденција и инвентарисувањето на основните средства, и
- да формира своја комисија за вршење на целиот попис.

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

Меѓутоа, ова решение ја доведува во прашање неговата оправданост, затоа што бара ангажирање на големи човечки ресурси во секое ДКП, со познавање на материјално-финансиското работење и истото не е гаранција дека ќе ги елиминира во целост присутните ризици и слабости,

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

**Напомена:**

1. МНР ги има предвид законските и подзаконските одредби за попис на буџетските корисници во РМ и настојува истите со свои интерни акти да ги прилагоди на специфичностите во ДКП-та, со цел спроведување целосен и квалитетен попис.

   Меѓутоа, покрај максималните напори кои ги прават вработените, невозможно е целосно да ги отстранат сите претходно наведени ризици и слабости во овој сложен процес.
2. Со новата систематизација се планирани вработени кои ќе бидат задолжени за материјална евиденција на: набавките, потрошокот и залихите на канцелариски материјал и ситниот инвентар.

<u>Точка 4.3.1 (стр.14) и препорака на стр.15:</u>

Во врска со констатацијата од Ревизијата дека набавките во ДКП-та на РСМ не се предвидени во ГПЈН на МНР, укажуваме дека на почетокот на 2017 год. сите ДКП-а имаат доставено поединечни ГПЈН кои се составен дел на ГПЈН на МНР, а за секоја измена на планот ДКП-та доставуваат известување.

Се согласуваме дека МНР не ги имаше инкорпорирано поединечните планови на ДКП-а во образецот на ГПЈН на РСМ, пред се заради големиот број на ДКП-а и честите измени на плановите кои произлегуваат од рационалното искористување на кумулативно определените буџетски средства.

Заради ваквата специфика, уште во 2012 год. е донесено упатство за спроведување на јавни набавки во ДКП- та на РСМ, со која е предвидена ограничена примена на Законот за јавни набавки во постапките за јавни набавки во ДКП. Од тие причини, не е соодветена констатацијата на ревизијата дека состојбите со ЈН во ДКП-та не е во согласност со член 26 од ЗЈН, затоа што согласно одредбите на погоренаведеното Упатство, истиот член не се применува во јавните набавки во ДКП.

Со стапување во сила на новиот Закон за јавни набавки и неговата примена од 01.04.2019 год., вклучително и подзаконските акти кои се во припрема, МНР ќе донесе ново Упатство за спроведување на јавни набавки во ДКП, со кое во

најголем дел ќе се надминат констатираните забелешки од Ревизијата, додека во однос на склучувањето на Договорите за јавни набавки ќе се вложат дополнителни напори состојбите да се подобрат, но целосна имплементација на ваквата забелешка практично е невозможна, бидејќи истата зависи од условите и регулативата во земјата на акредитација.

<u>Точка 4.3.2 (стр.16) и препорака на стр.17:</u>

Во врска со констатацијата дека 21.796 илјади денари биле одобрени за една намена, а истите се потрошени за друга намена од страна на ДКП-та, без претходно обезбедена согласност од Министерството за финансии и дадената препорака истото да биде регулирано со барања за пренамена на средства од една ставка на друга ставка и добиена согласност од МФ, од особено значење е да се имаат предвид разликите во примената на Упатството за трезорско работење, помеѓу програмите за работењето на МНР во земјата и неговото работење преку ДКП-та во странство, затоа што:

Вкупно одобрениот буџет на МНР е поделен на Програм 10- Администрација и неколку други помали програми за работењето во земјата и Програм 20- ДКП за работењето во странство.

1. За програмите кои се однесуваат <u>на работењето во земјата</u>, МНР врши пријавување на сите преземени обврски преку трезорскиот систем, а нивното плаќање истовремено го евидентира <u>како потрошени средства по програми и ставки</u>,
- Доколку на некоја програма и ставка нема доволно средства, <u>трезорот врши контрола и не дозволува</u> да се изврши плаќање на обврските без претходна пренамена на средства и согласност од МФ, со што е исклучена можноста на одредена ставка да се потрошат повеќе средства за друга намена,
2. За работењето во странство преку Програм 20- ДКП, МНР <u>не врши пријавување и плаќање на преземените обврски</u> од страна на ДКП-та, туку им дозначува средства по ставки од оваа програма, кои трезорскиот систем ги евидентира како потрошени средства за плаќање обврски, <u>иако во тој момент истите не претставуваат плаќање на обврски.</u>

<u>Ова е квалитативна разлика во примената на трезорското работење на Програм 20- ДКП, во однос на програмите за работењето на МНР во земјата</u>, затоа што:

a. ДКП-та ги плаќаат своите обврски преку банкарски сметки кои не се вклучени во трезорскиот систем од причини кои се детално објаснети во <u>точка 4.2.4, подточка</u> 1.

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

[redacted]

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

б. Како резултат на претходно наведените специфичности, работењето на ДКП-та е регулирано со посебни интерни акти и инструкции, согласно кои:

- на почеток од годината, вкупно одобрениот буџет по ставки на Програм 20- ДКП, МНР го распределува со Годишни финансиски планови по ставки на секое ДКП посебно,
- МНР секој месец дозначува средства по ставки до ДКП-та (вообичаено како 1/12 од нивните Годишни финансиски планови),
- трезорскиот систем ги евидентира дозначените средства како потрошени средства по ставки,
- ДКП-та плаќаат обврски откако ќе ги добијат дозначените средства по ставки,
- како отчет за платените обврски, ДКП-та доставуваат Месечни финансики извештаи, со прилог: изводи, фактури, договори, Одлуки, Решенија, сметки, патни налози и сл., врз основа на кои СФП сметководствено ги евидентира платените трошоци по ставки,
- после тоа, трезорот не дозволува да се вршат пренамени на потрошени средства по ставки кои претходно ги евидентирал при дозначување на средствата во ДКП и нивно усогласување со реалните трошоци според сметководствената евиденција,
- Како резултат на претходно наведеното, на крајот од годината се појавува разлика помеѓу трезорски евидентираните трошоци по ставки и сметководствено евидентираните трошоци по ставки,

3. Доколку ДКП-та би биле непосредно вклучени во трезорскиот систем на работење и доколку на одредена ставка имаат недостиг од средства кои може да ги обезбедат од друга ставка, истите би требало самостојно да доставуваат барања за пренамени до МФ, а не преку СФП,
4. Доколку со препораката се бара ДКП-та да доставуваат барања за пренамена на средства од една на друга ставка, кои СФП ќе ги доставува на одобрување во МФ, истото **не е возможно**, затоа што:

а. ДКП-та не би биле во можност со сигурност да изготват точни и уредни барања за пренамена, во кои навремено ќе укажат на која ставка и колку имаат недостиг на средства, а на која ставка имаат вишок на средства од кои може да извршат намалување, затоа што:

- нивните банкарски изводи не се како трезорските изводи и не содржат податоци врз основа на кои може во секој момент да

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

ги следат вкупно: одобрените, потрошените и остатокот средства по ставки,
- голема е веројатност дека некои ДКП-а нема да достават барања за пренамени, некои од нив ќе достават не реални барања или ќе достават дополнителни барања за исправка на претходно доставените барања за пренамена,
- СФП би се соочил со голем број барања за пренамени кои треба постојано да ги доставува на одобрување во МФ,
- би била доведена во прашање ефикасноста во работењето на ДКП-та, затоа што би требало да чекаат околу 15 до 20 дена, колку што трае целата постапка за добивање согласност од МФ, а после тоа да преземаат и плаќаат обврски од работењето,
- потреба од дополнителни човечки ресурски во ДКП-та, со соодветни познавања и вештини во овој дел од работењето, а
- се отвора прашањето дали СФП ќе ги задржи своите примарни надлежности, или ќе се претвори во шалтер за трезорско работење и пренамени на ДКП-та, проследено со ризици од грешки, ненавремено и неефикасно извршување на работите,

Напомена:
- Имајќи предвид дека трезорскиот систем не го регулира работењето на ДКП-та, не е реално да се очекува од МНР да го преслика и целосно да го примени трезорското работење во ДКП-та,
- Согласно наведените специфичности во работењето на ДКП-та, најголем приоритет на МНР е да се запази регуларноста и наменското трошење на дозначените средства, со соодветно сметководствено евидентирање на обврските по ставки и потставки.

Точка 4.3.3 (стр.17) и препорака на стр.18:

Во оваа точка е констатирано дека од страна на ДКП-та на крајот од годината бил пренесен вишок приходи (неискористени средства) во наредната година, на вкупен износ од 16.835 илјади денари, кои на ден 31.12. не биле вратени во Буџетот на РМ, од кои:
- 13.045 илјади денари неискористени буџетски средства, заедно со салдото од 4.191 илјади денари (81.753,93 Усд) од наменската Eskrow сметка во Вашингтон, а
- 3.790 илјади денари од конзуларни услуги.

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

Во врска со тоа, даваме образложение за разликите при примена на член 7 од Законот за Буџетите и Упатството за трезорско работење кај програмите на МНР за работењето во земјата и нивната примена на програм Пр. 20- ДКП за работењето на ДКП-та во странство.

1. За работењето на МНР во земјата, трезорот одобрува средства во висина на обврските кои се плаќаат и како резултат на тоа, изводот од трезор на дневна основа е салдо „0", односно не постои можност да има вишок на приходи и салдо неискористени буџетски средства, со исклучок на средствата од денарската и девизните благајни, кои до 27 декември МНР ги враќа и уплаќа во Буџетот на РМ.
2. За работењето на МНР во странство преку Програм 20- ДКП, МНР трезорски дозначува средства од оваа програма, согласно одобрените Годишни финансиски планови на ДКП-та,

а. ДКП-та ги добиваат трезорски дозначените средства на нивните банкарски сметки, а после тоа вршат плаќање на обврските.

Тука настанува суштинската разлика помеѓу програмите за работењето на МНР во земјата и Програм 20- ДКП за работењето во странство, затоа што:

- банкарските сметки на ДКП-та не се вклучени во трезорскиот систем, од причини кои се детално објаснети во точка 4.2.4, подточка 1 и во отсуство на контролниот механизам од трезорот, ДКП-та може на дневна основа и на крајот од годината, на нивните банкарски сметки да имаат пренесен вишок неискористени средства кои не ги вратиле во Буџетот на РМ до 31.12.,

б. Поради претходно наведените причини, примената на законските одредби е прилагодена на специфичните услови во работење на ДКП-та, со посебни интерни акти и инструкции од МНР, согласно кои:

- на почеток од месец Декември, МНР ги известува сите ДКП-а дека имаат обврска неискористените буџетски средства на нивните банкарски сметки и благајни да ги вратат во Буџетот на РМ до 31.12.,
- поедини ДКП-а, од објективни причини не се во можност доследно да постапат по дадената инструкција, затоа што:
  - во најголем број држави, деловните банки не работат за време на Божиќните празници пред крајот на годината,
  - во одредени држави, деловните банки не дозволуваат ДКП-та на своите сметки да имаат салдо „0" на крајот од годината, на

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

кои треба да имаат одреден износ средства за плаќање провизија и одржување на сметките,

- поедини ДКП-а имаат мали салда непотрошени средства, за кои треба да платат поголем износ на банкарска провизија за трансфер, отколку што изнесува износот непотрошени средства кој треба да го вратат во Буџетот на РМ,
- одредени ДКП-а чии налози-вирмани за враќање на неискористените средства се реализирале во деловните банки неколку денови пред 31.12., нивниот трансвер и уплата во Буџетот на РМ се прикажува после неколку денови, односно на почетокот од наредната година,

в. Средствата кои се наплатуваат по основ на извршени конзуларни услуги во ДКП-та, сметководствено привремено се евидентираат како приход на МНР, а при нивната уплата во Буџетот на РМ, овие приходи сметководствено се сторнираат.

На овој начин се обезбедува контролниот механизам за износот на наплатени средства од конзуларни услуги во ДКП-та и износот кој го уплатиле во Буџетот на РМ.

Согласно чл. 29 од Законот за административни такси и Правилникот за финансиско- материјално работење на ДКП-та, средствата од конзуларни услуги кои се наплатени во текот на месецот, се уплаќаат во Буџетот на РМ до 5-ти во наредниот месец.

Од претходно наведените причини, присутна е можноста некои ДКП-а на крајот од годината да имаат салдо неискористени буџетски средства или средства од конзуларни услуги кои не гу уплатиле во Буџетот на РМ до 31.12.

**Напомена:**

- МНР презема максимални напори за доследно почитување на законските и интерните акти кои го регулираат овој дел од работењето, при тоа земајќи ги предвид и претходно наведените специфичности во работењето на ДКП-та,
- Спротивно на констатацијата дека поедини ДКП-а имаат салдо неискористени средства кои не ги вратиле во Буџетот на РМ на 31.12., <u>укажуваме на една друга специфичност</u> во нивното работење која се однесува на <u>неможноста да им бидат дозначени средства за тековни потреби на почеток од годината</u>, затоа што:
- Одобрениот Буџет станува оперативен околу 10-ти Јануари, односно по новогодишните и божиќните празници со

доставување на Годишен и Квартални финансиски планови до МФ.

До тогаш, прво се дозначуваат средства за плати во ДКП-та, кои не се условени со доставување Годишен и Квартални финансиски планови до МФ.

После платите, до 15-ти Јануари се дозначуваат средства за исплата на Локално ангажираните лица, а средствата за тековни потреби во работењето на ДКП-та трезорски ги најавуваме и дозначуваме од 15-ти до 20-ти Јануари. Кон крајот од месецот дозначуваме средства за плаќање закупнини.

Поради тоа, до 20- ти Јануари ДКП-та не можат да плаќаат преземени обврски и нарушено е нивното непречено работење.

Дали и претходнмо наведеното е непочитување на законските одредби или истото треба да биде прифатено со сите претходно наведени специфичности во: т.4.2.4; т.4.2.5; т. 4.3.2 и т. 4.3.3 за работењето на ДКП-та, дали истите може да бидат регулирани само со измени на постојните законски одредби, или треба да бидат донесени во пакет посебни законски одредби за работењето на ДКП-та во согласност со интерните акти на МНР.?

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

<u>Точка 6.3 (стр.10) и препорака на стр.20:</u>

Како што е наведено во оваа точка поврзано со точка 4.2.4., рекунструкцијата на објектот во <u>Вашингтон</u> започнала во 2004 година и до крајот на 2005 година изведувачот доставил фактури за најголем дел од извршените работи во висина од 2.256.695 Усд што претставува 92,64% од предвидениот износ, а за остатокот од работите во висина од 81.753,93 Усд не биле доршени поради незаинтерсираност на изведувачот.

За плаќање на договорените работи, наменски била отворена посебна **Eskrow сметка**, на која останале депонирани уште 81.753,93 Усд за довршување на работите, кои МНР- ДКП Вашингтон до донес не може да ги повлече поради настанати спорните моменти со изведувачот на работите кој не ги доврши работите.

Од тогаш наваму, повеќе годишните напори од страна на повеќе одговорни лица и вработени во МНР, Шефови и дипломати во ова ДКП, не дадоа конечна разврска на спорот за довршување на работите од страна на изведувачот.

Република Северна Македонија
**Министерство за надворешни работи**
**Директорат за организациони работи**

МНР ќе ги искористи сите можности и ќе продолжи со постапката за разрешување на настанатиот спор.

Република Северна Македонија
Министерство за надворешни работи

ул."Филип Втори Македонски" 7
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3110 333
Факс. (02) 3115 790
Е-пошта: mailmnr@mfa.gov.mk
Сајт: www.mfa.gov.mk

Министер
М-р Никола Димитров

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ * СКОПЈЕ *

Изработиле:
-ПРС-СФП/ЉН,
-НО-СУЧР/СП
-ПРС-СОР/ЗБ,

Одобрил:
ДОР/ Б. Дамјанов

Согласен:
Д. Сек. В. Димовск

**Прилог 2**

ОДГОВОР

**на одговор на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На ден 25.02.2019 година, добиен е Одговор по Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на Министерство за надворешни работи за 2017 година, од одговорното лице на Министерството за надворешни работи, број 04-905/2 од 21.02.2019 година, заведен во Државниот завод за ревизија под број 10-27/4 од 25.02.2019 година.

Одговорот е разгледан од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е дека истиот се однесува на констатираните состојби и дадените препораки во ревизорскиот извештај и тоа:

1. Констатациите утврдени во резимето на Одговорот по Нацрт извештајот, претставуваат **известување** за преземање на активности за спроведување на препораките, како и образложение на состојбите по дадените препораки во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на утврдените состојби и препораката во **точката 4.1.1.,** која се однесува на тоа дека најголем дел од дипломатско конзуларните претставништва функционираат без да биде поставен/именуван амбасадор односно генерален конзул, претставува **известување** за веќе констатирана состојба, како и за отпочнатите активности од страна на министерството во насока на реализација на дадената препорака.

3. Забелешката која се однесува на состојбата и препораката во **точката 4.1.2.**, во која е утврдено дека од страна на одговорното лице во Министерството, при изготвувањето на предлог буџетот за секоја наредна година, не се носи решение за утврдување на основиците за плата на вработените во дипломатско конзуларните претставништва, претставува **известување** за преземените активности за надминување на веќе констатираната состојба. Имено, од страна на надлежните служби во МНР за 2018 и 2019 година се утврдени нови основици за плата врз основа на кои се донесени Решенија за утврдување на основиците за плата на вработените во дипломатско конзуларните претставништва. Состојбата за превземените активности во текот на 2018 година, ревизијата ја имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата и истата е дел од ревизорскиот извештај.

4. Забелешката која се однесува на состојбата и препораката во **точката 4.1.3.**, за неспроведување на постапка за оценување на административните службеници, амбасадорите и генералните конзули, го истакнуваме следното:

- забелешката која се однесува на неспроведување на оценување на ефектите на административните службеници, претставува **известување** за преземање на активности за надминување на констатираната состојба. Имено, министерството во текот на 2018 година започнало со оценување на дел од вработените - административни службеници, состојба која е обелоденета во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор;
- забелешката која се однесува на состојбата за оценување на ефектите на амбасадорите и генералните конзули претставува **известување** за причините за констатираната состојба, со кои се потврдува законската обврска за оценување на амбасадорите и генералните конзули, согласно одредбите во Законот за Надворешни работи;
- ревизијата истакнува дека составен дел од оваа забелешка, се однесува на делот на Останати прашања, **точка 7.2.** од Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, која се однесува на плаќањето на придонеси за локално ангажираниот персонал во ДКП и истата претставува **известување** за активностите кои би се презеле во иднина за надминување на истата.

5. Забелешката која се однесува на состојбите и препораката во **точката 4.2.1.**, која се однесува на начинот на евиденција на земјиштето, претставува **известување** за причините за констатираните состојби, кои ревизијата ги имаше во предвид при вршењето на ревизијата. Од страна на одговорното лице е дадено објаснување за активностите кои ќе се преземат во иднина, а со кои треба да се надминат констатираните состојби.

6. Забелешката и препораката од **точката 4.2.2.**, која се однесува на неизвршено соодветно пресметување на амортизација и ревалоризација на објект на ДКП, претставува **известување** за причините за констатираните состојби, кои ревизијата ги имаше во предвид при вршењето на ревизијата. Од страна на одговорното лице се дадени информации и објаснувања на состојби кои се веќе образложени во Нацрт извештајот.

7. Забелешката и препораката која се однесува на состојбите во **точката 4.2.3.**, за обезбедување на целосна и комплетна документација за евидентираната инвестиција, делумно се прифаќа и тоа во делот на причините за констатираната состојба, односно неможноста за обезбедување на дел од поткрепувачката документацијата, поради бришење на дел од субјектите од Централен регистар. Наведеното ќе биде обелоденето во Конечниот извештај, а препораката соодветно прилагодена.
8. Забелешката и препораката на состојбите во **точката 4.2.4.**, која се однесува на невоспоставена целосна евиденција на преземените обврски од страна на ДКП во министерството, **не се прифаќа**. Одговорното лице ги истакнува причините поради кои е отежнато воспоставувањето на евиденцијата на обврските кај ДКП, кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршење

на ревизијата, кои исто така се соодветно обелоденети и во извештаите од спроведените ревизии на регуларност во минати години. и истакнува свое видување кое не кореспондира со одредбите од Упатството за начинот на Трезорско работење.

9. Забелешката и препораката која се однесува на **точката 4.2.5.**, која се однесува на недоследности при извршување на активностите на пописот на средствата и изворите на средствата и донесување на актите за прифаќање на истиот, претставува **известување** за ризиците и проблемите при спроведување на пописот во ДКП, како и известување за активностите кои би се презеле во иднина за надминување на состојбата.

10. Забелешката која е констатирана на состојбите и на препораката од Нацрт извештајот во **точката 4.3.1.**, која се однесува на недоследна примена на Законот за јавните набавки при спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки во ДКП, претставува **известување** за веќе констатирана состојба, како и за активностите кои би се презеле во иднина за надминување на истата. Во врска со констатацијата дека членот 26 од Законот за јавни набавки не се однесува на јавните набавки во ДКП, туку дека за нивно спроведување е во примена донесеното интерно Упатство за спроведување на јавни набавки во ДКП од 2012 година, истакнуваме дека Законот претставува општ правен пропис со кој се регулира примената на правото во одредена област, а со сите други подзаконски акти се дообјаснуваат и допрецизираат општите прописи во наведената област.
    Со донесување на Законот за јавни набавки кој ќе започне со примена од 01.04.2019 година, предвидени се посебни одредби кои се однесуваат на дипломатско-конзуларните претставништва. Наведената состојба ќе биде соодветно обелоденета во Конечниот извештај.

11. Забелешката за состојбата и препораката на **точката 4.3.2.**, која се однесува на средства кои се одобрени/планирани за една намена, а потрошени за други намени, без претходно обезбедена согласност за пренамена од Министерството за финансии, претставува **известување** за причините кои довеле до состојбата, која ревизијата ја имаше во предвид во текот на извршувањето на ревизијата. .

12. Забелешката за состојбата и препораката во **точката 4.3.3.**, која се однесува на неискористените одобрени средства на крајот на годината од ДКП кои не се уплатени во Буџетот на РМ, претставува **известување** за причините поради кои неискористените одобрени средства на крајот на годината ДКП не ги уплатуваат во буџетот на републиката, кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата. -.

13. Забелешката на **точката 6.3.**, во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет од Нацрт извештајот, а која се однесува на состојбите во врска со реализацијата на одредбите од Договорот за реконструкција на објектот на амбасадата на РМ во Вашингтон, како и состојбата на наменската eskrow сметка, претставува **известување** за веќе констатирана состојба, причините за наведената состојба, како и известување за преземање на активности за надминување на истата во иднина.